Врз основа на член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, член 65 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19 и 122/21), Глава III.1.2 точка 19а од Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот донесена од Народна банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/12, 50/13, 71/14,233/15, 218/16, 221/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.181/19, 116/20 и 167/20), како и Одлуката на Комисијата за хартии од вредност бр. 10-424/1 од 22.06.2018 година, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во понатамошниот текст: Банката), на седница одржана на 16.01.2024 година ја донесе, следната:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
**за одобрување на користење куповна опција на капитален инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници)**

**Член 1**

Се одобрува користење на куповна опција на капитален инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници) со ИСИН број MKBLBA200011, во количина од 5.000 обврзници, со апоенска структура од 1.000 евра, со номинален износ од 1.000 евра за една обврзница, во денарска противвредност пресметано по среден курс на НБРСМ на денот на исплатата.

Откупот ќе се изврши на ден 22.01.2024 година, во денари со директно плаќање на платежните сметки на имателите на Првата емисија на Перпетуални обврзници, согласно список на иматели на Првата емисија на Перпетуални обврзници од регистарот на Иматели на обврзници кој го води Централен депозитар за хартии од вредност. Датумот на евиденција според кој ќе се определи списокот на иматели на Првата емисија на Перпетуални обврзници е 18.01.2024 година, а последен ден на тргување на Првата емисија на Перпетуални обврзници со ИСИН број MKBLBA200011 е 16.01.2024 година. Каматата на имателите на Првата емисија на Перпетуални обврзници ќе биде пресметана заклучно со 21.01.2024 година и ќе биде исплатена на 22.01.2024 година.

**Член 2**

Се одобрува Банката да го извести Централниот депозитар за хартии од вредност дека ќе ја користи куповната опција на капиталниот инструмент и да поднесе писмено барање до Македонска берза АД Скопје за исклучување од котација на Прва емисија на Перпетуални обврзници со ИСИН број MKBLBA200011.

**Член 3**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа Одлука, доколку е потребно за успешно спроведување на истата.

Се овластува Управниот одбор на Банката за реализација на куповната опција да достави Известување до Народна банка на Република Северна Македонија.

Се овластува Управниот одбор на Банката за реализација на куповната опција да ги преземе сите останати активности кои ќе произлезат согласно Законот за банките, Одлуката за методологија за утврдување на адекватноста на капиталот, Законот за хартии од вредност, Правилата за тргување, Правилата за котација и останата регулатива.

Образложение

Универзална Инвестициона Банка АД Скопје на 22.01.2019 година успешно спроведе издавање  на Прва емисија на Перпетуални обврзници. Согласно точка 25 од Одлуката за издавање на капитален инструмент по приватна понуда (Прва емисија на Перпетуални обврзници), донесена на Собрание на акционери на Банката бр. 0201/6-2 од 11.01.2019 година, по истекот на рокот од 5 години од датумот на регистрирање на обврзниците во Централен депозитар за хартии од вредност, се донесе одлука како во диспозитивот.

Во октомври 2023 година, Банката издаде нова емисија на долгорочни хартии од вредност по пат на приватна понуда – трета емисија на 1.350 перпетуални обврзници, со вкупна номинална вредност од 1.350.000 евра, кој износ ќе се користи како дополнителен основен капитал.

Банката заклучно со 30.09.2023 година има доволно добивка што заедно со третата емисија на перпетуални обврзници ќе претставува замена на намалениот капитал по откупот на капиталниот инструмент (Прва емисија на Перпетуални обврзници). Добивката на Банката заклучно со 30.09.2023 година изнесува 4.905 илј.евра.

Друштво за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје кое врши ревизија на финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје изготвени во согласност со регулативата на Народна банка на Република Северна Македонија за годината која завршува на 31 декември 2023 година, констатира дека по спроведените постапки не дошле до сознанија поради кои конечниот ревизорски извештај би содржел квалификувано мислење.

Износот на издадената трета емисија на перпетуални обврзници и искажаната добивка даваат уверување дека намалувањето на капиталот на Банката по извршеното откупување на првата емисија на перпетуални обврзници, ќе биде заменет со капитал со ист и подобар квалитет.

Со оглед на наведеното, Банката ќе го изврши откупувањето со Известување до Народна банка на Република Северна Македонија.

СО бр.　　　　　　　　　　　　　　　　　　　　СОБРАНИЕ
16.01.2024 година　　　　　　　　　　　　　　　　ПРЕТСЕДАВАЧ